У-5.бр.1587/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на советот, Виолета Богојеска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник,одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТРИНКИН ЕВРО ТРЕЈД ДОО - Кавадарци, поднесена преку полномошник Павлина Димитрова адвокат од Кавадарци, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-164/18 од 29.08.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 14.05.2020 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги СТРИНКИН ЕВРО ТРЕЈД ДОО - Кавадарци, поднесена, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-164/18 од 29.08.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-164/18 од 29.08.2019 година, на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се одбива како неоснована жалбата поднесена од тужителот „СТРИНКИН-ЕВРО ТРЕЈД" ДОО Кавадарци, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.21-584/13 од 20.03.2017 година, донесена по Огласот за Барање за прибирање на понуди бр.7/2017, за набавка на стоки - набавка на тонери, на договорниот орган Општина Кавадарци.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи, поради суштествени повреди на постапката за јавни набавки, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на законот. Во тужбата, тужителот наведува дека органот повторно не постапил по насоките дадени во пресудата на Управниот суд У-5.бр.882/2017 и У-5.бр.1967/2018. Според тужителот, сертификатот со кој е потпишна тендерската документација, гласи на правното лице - тужителот, кој е валиден и за истото кон тужбата приложува Договор за користење на услугите на дигиталните сретификати арх.број 121789/2017 на ден 05.04.2017 година. Како овластено лице кое во име на правното лице го користи сертификатот е наведено лицето Зоран Наумов, со овластување врз основа на полномошно приложено кон тендерската документација. Ваквиот факт не бил спорен при евалуацијата, туку спорно било полномошното кое било неуредно, односно во ЕСЈП не била прикачена оригиналната форма. Укажува дека полномошното во оригинална форма се наоѓа во тендерската документација, а органот кој одлучувал, не побарал од економскиот оператор да достави уредно полномошно.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавни набавки и со Известување У-5.бр.1587/2019 од 17.01.2020 година, го повика избраниот понудувач ДТПУ ТЕХНО - ШОП ДООЕЛ од Гевгелија, како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба, кое Известување било уредно примено на 22.01.2020 година, меѓутоа до моментот на одлучување по предметот, истиот не

достави Одговорот на тужба и не се произнесе по однос на тужбените наводи на тужителот.

Во одговорот на тужба тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, поради што предложи тужбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Одговорот на тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот го испрати на тужителот со цел истиот да се запознае со неговата содржина, по кој тужителот се произнесе со наводи како во тужбата.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган, - Општина Кавадарци, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за Барање за прибирање на понуди бр.7/2017 за набавка на стоки - набавка на тонери, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.21-584/1 од 17.02.2017 година, а која постапка била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки. Договорниот орган ја користел стандардната тендерска документација и стандардните технички спецификации, поради што не поднел барање за добивање на согласност до Советот за јавни набавки. Набавката не била делива, а договорниот орган во тендерската документација и во огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниска цена, постапката ќе се спроведе во електронска форма и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудата.

До крајниот рок за поднесување на понудите 09.03.2017 година, пристигнале вкупно 11 (единаесет) понуди, за што бил изготвен Записник од отворањето на понудите бр.21-584/5 од 09.03.2017 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите при што понудувачите со прифатливи понуди ги поканила на е-аукција. По завршувањето на е-аукцијата која се одржала на ден 15.03.2017 година, врз основа на Извештајот за текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведена постапка бр.21-584/12 од 15.03.2017 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор „ТЕХНО ШОП“ ДООЕЛ Гевгелија. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган, по што била донесена сега оспорената Одлука за избор на најповолна понуда бр.21- 584/13 од 20.03.2017 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда економскиот оператор, сега тужителот, СТРИНКИН ЕВРО ТРЕЈД ДОО - Кавадарци поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со Решение бр.09-183/7 од 12.04.2017 година, ја одбила како неоснована, констатирајќи дека договорниот орган правилно ја спровел конкретната постапка за избор на најповолна понуда, од причина што полномошното не било дигитално потпишано од лицето кое што ја потпишува понудата, односно истото било во копија и било дадено како слика и не било потврдено дека е верно на оригиналот, како и дека лицето Зоран Наумов кој што е потписник на понудата не е вработено лице кај жалителот односно неговиот потпис гласи на физичко лице. Исто така, од документацијата не

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 11 GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP

можело да се види дека лицето Ристо Наумов има дигитапен потпис како управител на жалителот.

Незадоволен од Решението бр.09-183/7 од 12.04.2017 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, останал сега тужителот кој со тужба повел управен спор пред Управниот суд, кој бил окончан со Пресуда У-5.бр.882/2017 од 31.08.2018 година, со која тужбата на сега тужителот била уважена, а оспореното решение поништено, со напатствија во повторно постапување органот да води сметка за валидноста на документацијата на сега тужителот.

Постапувајќи по напатствијата дадени во пресудата на Управниот суд, тужениот орган односно Државната комисија за жалби по јавни набавки, донела Решение бр.09-574/6 од 10.10.2018 година, со кое повторно жалбата на сега тужителот била одбиена како неоснована.

Против ова решение, тужителот повел управен спор пред Управниот суд, кој со пресуда У-5.бр.1967/2018 од 31.01.2019 година, тужбата ја уважил, а оспореното решение го поништил, со истите напаствија како во пресудата У-5.бр.882/2017 од 31.08.2018 година.

Во повторна постапка, тужениот орган го донел сега оспореното решение со кое жалбата на сега тужителот повторна е одбиена како неоснована, со образложение дека економскиот оператор СТРИНКИН ЕВРО ТРЕЈД ДОО - Кавадарци, својата понуда ја потпишал со дигитален сертификат кој гласи на физичко лице, а истиот требало да е издаден на правно лице согласно со точка 1.16 потточка 1.16.1. од Општите и техничките препораки при користењето на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи објавен на веб порталот на електронскиот систем за јавни набавки, Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки (Службен весник на РМ, бр.18 од 29.01.2014 година) и Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис. Имено, носител на дигиталниот сертификат со кој се потпишуваат документите кои се составен дел на понудата (финансиска и техничка понуда, изјави), задолжително треба да биде овластениот потписник на правното лице (економски оператор) или лице ополномоштено од овластениот потписник. Дигиталниот сертификат треба да биде издаден на правно лице од регистриран издавач на дигитални сертификати. Во случајот, понудата и целокупната придружна документација била потпишана од страна на Зоран Наумов, по дадено овластување од Ристо Наумов како одговорно лице, со дигитален сертификат кој гласел на физичко лице, што е спротивно на законските и подзаконските акти наведени погоре.

Незадоволен од сега оспореното решение, на Државната комисија за жалби по јавни набавки, повторно останал сега тужителот, кој против истото го повел предметниот управен спор.

Судот најде дека тужениот орган со сега оспореното решение не го повредил законот за штета на тужителот.

Согласно членот 3 став 1 точка 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007...120/2016), тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата.

Согласно член 140 став (7) и (8) од Законот за јавните набавки, неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Евалуацијата на понудите

се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.

Согласно член 211 од Законот за јавните набавки, во постапката за правна заштита Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност и во поглед на битните повреди пропишани во член 210 од овој закон.

Согласно точка 1.16.1. од Општи и техничките препораки при користењето на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи, документите кои се составен дел на понудата на економскиот оператор - Изјава за докажување на способност, Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност, Понудата како и останати документи кои ги составува економскиот оператор (изјава на економскиот оператор дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари, појаснување или дополнување на документи во евалуација и друго) задолжително треба да бидат електронски потпишани и истите треба да се прикачат во соодветните полиња кои се прикажуваат во веб образецот „Поднеси понуда“ (согласно со барањата од тендерската документација и огласот). Носител на дигиталниот сертификат со кој се потпишуваат документите кои се составен дел на понудата (финансиска и техничка понуда, изјави), задолжително треба да биде овластениот потписник на правното лице (економски оператор) или лице ополномоштено од овластениот потписник. Дигиталниот сертификат треба да биде издаден на правно лице од регистриран издавач на дигитални сертификати. Доколку документите се потпишуваат од лице кое е овластено од одговорното лице на економскиот оператор потребно е да се приложи овластување (полномошно) од овластениот потписник (управителот) на правното лице како составен дел на понудата. Полномошното ќе се смета за валидно доколку е приложено во електронска форма потпишано со дигитален сертификат на управителот или во скенирана форма со печат и своерачен потпис на управителот.

Согласно со член 7 став (2) од Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.18 од 29.01.2014 година), во постапките водени со користење на електронски средства преку ЕСЈН, се употребува електронски потпис (дигитален сертификат) согласно прописите за електронски потпис.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил како неоснована жалбата на тужителот, со образложение дека договорниот орган, правилно го елиминирал тужителот како понудувач со неприфатлива понуда, согласно член 140 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки.

Имено, органот правилно утврдил дека во конкретната постапка за јавна набавка, понудата и целокупната придружна документација била потпишана од страна на Зоран Наумов, по дадено овластување од Ристо Наумов како одговорно лице, со дигитален сертификат кој гласел на Зоран Наумов, видно од приложените списи, што е спротивно на законските и подзаконските акти наведени погоре. Од тие причини тужителот имал неприфатлива понуда поради што основано бил елиминиран како понудувач со неприфатлива понуда, согласно член 140 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки, според кој неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира, а евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Во текот на одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, изнесени во тужбата, но истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување од причините наведени погоре. Во случајот, неспорно е дека понудата и целокупната придружна документација на тужителот била потпишана од страна на Зоран Наумов, по дадено овластување од Ристо Наумов како одговорно лице, со дигитален сертификат кој гласел на Зоран Наумов, што е спротивно на законските и подзаконските акти наведени погоре, а приложениот кон тужбата Договор за користење на услугите на дигиталните сретификати арх.број 121789/2017 од 05.04.2017 година, за издавање на дигитален сертификат на правното лице СТРИНКИН ЕВРО ТРЕЈД ДОО - Кавадарци, не е од влијание од причина што истиот е со датум од 05.04.2017 година, по Огласот за Барање за прибирање на понуди бр.7/2017, за конкретната јавна набавка на стоки - набавка на тонери, чиј краен рок за поднесување на понудите бил 09.03.2017 година. Воедно, туженииот орган согласно членот 211 од Законот за јавните набавки, во постапка по жалба, постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност и во поглед на битните повреди пропишани во член 210 од овој закон.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управен суд на 14.05.2020 година, под У-5.бр.1587/2019.

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа на примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359, Приходна шифра: 72-22-13, Програма: 00, Начин: 2, односно судски такси од правни лица, банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма: 00, Начин: 2. Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител, преку полномошник Павлина Димитрова адвокат од Кавадарци,
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

НК/